ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 26.02.2016

# ПОСЕТА НА ЛАБАРАТОРИЈАТА НА ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе плаќа најголем дел од сумата потребна за над 30-тина типови испитувања за влијанието на лековите кои ги примаат пациентите и тоа пред се со малигни заболувања, но не ограничувајќи се само на нив, а кои ќе се прават во лабараторијата за биомолекуларни фармацевтски анализи при Фармацевткиот факултет. Досега за овие испитувања пациентите плаќаа високи финансиски средства, некои од нив и до 11.000 денари, а сега тие ќе се прават само со партиципација, што значи многукратно се намалува износот кој треба да го платат за нив. Највисоката партиципација веројатно ќе се движи околу 1.000 денари а ова го предвидува договорот, кој денеска го склучија Фармацевтскиот факултет и ФЗОМ. Станува збор за прв договор склучен меѓу ФЗОМ и Фармацевтскиот факултет за давање на услуги кои се поврзани со пациенти.

По повод склучувањето на договорот денеска директорот на ФЗОМ, Сашо Стефаноски заедно со Министерот за здравство Никола Тодоров ја посетија таа лабораторија на Фармацевтскиот факултет.



Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



Директорот на ФЗОМ, Сашо Стефаноски истакна дека динамиката на спроведување на договорот кој Фондот го потпишал со Фармацевтскиот факултет ќе се одвива како и за сите други здравствени установи.

– Фармацевтскиот факултет ќе фактурира услуги кои ги врши по основ на тој договор, а Фондот за здравствено осигурување ќе ги надоместува трошоците. Ако досега пациентот 100 проценти ја плаќал услугата, од сега па натаму согласно законот ќе биде обврзан само да ја плати партиципацијата која е драстично помала од тоа што досега е плаќано, а ако цената на услугата е 10.000 денари, значително помала ќе биде сумата за партиципација – околу илјада и нешто денари, рече Стефаноски,

Посочи дека овие услуги ќе станат достапни за повеќе од 600 пациенти во текот на годината и најзначајно во ова е дека се оди еден чекор напред, се подигнува нивото на утврдување на тоа кои лекови се ефективни за третирање на пациентите.

– Персонализираната медицина е нешто кое е тренд во светот. Република Македонија преку политиките на Министерството за здравство и ФЗОМ ги следи тие чекори затоа што нашите политики ги креираме пред се во полза на граѓаните на Република Македонија-давање на повеќе и обезбедување на повеќе права и услуги во здравствениот систем и унапредување на здравствените установи да даваат поквалитетни услуги, додаде Стефаноски.



Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk
TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Тодоров изјави дека со договорот ќе се овозможи поголем степен на користење на персонализираната медицина и давање услуги на околу 600 пациенти годишно кои претходно тие ги плаќаа со сопствени средства, а сега тие ќе бидат покриени од ФЗОМ. Посочи дека персонализираната медицина е предвидена во протоколите за медицина базирана на докази и согласно тие протоколи треба да се прават испитувања во таа лаборатијата за да се утврди дали и како терапијата реагира кај конкретен пациент на персонално ниво со што ќе се подобри третманот односно лекувањето на пациентите.

– Оваа лабораторија беше набавена од Министерството за образование и наука во рамки на проектот за набавка на лаборатории на високо образовните установи, беше ставена во функција, функционираше, но без договор со Фондот за здравствено осигурување, потенцира Тодоров.

Тодоров потенцира дека таа лабораторија се повеќе ќе се проширува, а веројатно е дека е можно ваква соработка да има за некои други типови испитувања кои се уште не се прават во Македонија или се прават за помал број пациенти.



Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Деканот на Фармацевтскиот факултет, Светлана Кулеванова рече дека се задоволни што се препознаени како институција која може да одговори на вакви барања. Се заблагодари на Министерството и на Фондот со кои преговарале за оваа активност.

– Кредибилитетот на нашата установа е многу голем и се надеваме дека ќе имаме добар одговор на обврските според договорот што го склучивме и дека во иднина само ќе се надградуваме, додаде Кулеванова.

